**Покана за панел дискусија на тема**
**„Институционалните капацитети за заштита на животната средина“**

Почитувани,

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во рамки на проектот „Акција за унапредена правна и институционална заштита на водите“ финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија организира панел дискусија на тема „Институционалните капацитети за заштита на животната средина“.

Европската комисија во Извештаите за напредокот на Северна Македонија во поглавјето 27 во континуитет утврдува дека државата има слаб административен капацитет за спроведување на законодавството од областа на животната средина на централно и локално ниво, а истата констатација се утврдува и во однос на спроведувањето на инспекцискиот надзор од оваа областа на централно и локално ниво.

Имајќи го ова предвид, панел дискусијата има за цел поттикнување јавна дебата и дефинирање на предизвиците со кои се соочуваат институциите на централно и на локално ниво во поглед на спроведувањето на законодавството од областа на животната средина вклучително и стратегијата на државата за надминување на утврдените предизвици.

На панел дискусијата ќе биде презентиран документот за јавни политики „Институционални капацитети на Секторот за води за управување и заштита на водите“ кој беше изготвен во рамки на проектот.

Панел дискусијата ќе се одржи на **05.12.2022 година од 12:00 до 14:00 часот во хотел Мериот во Скопје.** За учесниците кои сакаат да присуствуваат на панел дискусијата, а патуваат од другите градови, МЗМП може да ги надомести патните трошоци во висина на повратен автобуски билет. За надоместување на патните трошоци учесниците е потребно да пополнат формулар-барање за надоместување на патните трошоци кој ќе им биде обезбеден за времетраењето на панел дискусијата, а во прилог на формуларот треба да го доставаат автобускиот билет или фискални сметки за гориво и патарини.

Ве молиме пријавете го Вашето учество на панел дискусијата на e-mail: btrpevski@myla.org.mk.

Во прилог на оваа покана Ви доставуваме агенда за панел дискусијата.

Со почит,

Македонско здружение на млади правници